Врз основа на чл.50 ст.1 т.16 од Законот за локална самоуправа (Слвесник на РМ бр.5/02), а во врска со член 30 став 1 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015), член 6 од Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општината Кочани бр.01-2503/1 од 02.10.2012 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-2548/1 од 12.11.2013 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1910/1 од 17.09.2014 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1795/1 од 30.09.2016 година, Градоначалникот на Општина Кочани објавува

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ бр. 08-1901/2 31.10.2017 год. КОЧАНИ

# КОНКУРС

## за доделување на 25 стипендии на студенти од општина Кочани

## за студиската 2017/2018 година

Општина Кочани за студиската 2017/2018 година ќе додели 25 стипендии за студенти од општина Кочани, од кои една на студент од Ромската етничка заедница, во согласност со Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општината Кочани бр.01-2503/1 од 02.10.2012 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-2548/1 од 12.11.2013 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1910/1 од 17.09.2014 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1795/1 од 30.09.2016 година, објавен на веб страната на Општина Кочани.

Постапката за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани за студиската 2017/2018 година ќе се спроведе во согласност со условите утврдени воПравилникот за доделување на стипендии на студенти од општината Кочани бр.01-2503/1 од 02.10.2012 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-2548/1 од 12.11.2013 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1910/1 од 17.09.2014 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1795/1 од 30.09.2016 година, објавен на веб страната http://www.kocani.gov.mk/ на Општина Кочани.

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

**Право на стипендија имаат студенти кои се:**

**1.** Жители на општина Кочани (од градот Кочани и населените места кои припаѓаат на општина Кочани);
**2.** Државјани на Република Македонија;
**3.** Редовни студенти;
**4.** Не повторувале година во текот на студирањето;
**5. Не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании;**
**6.** Студентите кои се заинтересирани за стипендија можат да се пријават започнувајќи од втората студиска година;

Поднесените документи ќе се бодуваат со бодови според утврдените Критериуми за доделување на стипендии бр.08-1910/2 од 19.09.2014 година.

### Критериумите за доделување на стипендии се:

1. Остварен успех во текот на студирањето најмалку 8 (осум),............најмногу 70 бода
2. Дефицитарност на кадрите утврдена со одлука на Градоначалникот на општина Кочани..........................................................................................најмногу 5 бода
3. Материјалните можности на студентот и неговото семејство кое ќе се утврди врз основа на месечните примања по член од семејство во однос на просечната исплатена плата по вработен во Република Македонија во последните 3 месеци..........................................................................................најмногу 20 бода,
4. Дете на самохран родител ..................................................................најмногу 5 бода;

- **За студенти од Ромската етничка заедница не важи критериумот од точка 1;**

- Приоритет за добивање на стипендија за студирање на високообразовните установи во Република Македонија имаат децата кои се без родители и деца кои до полнолетството престојувале во домови за згрижување на деца во Република Македонија, за што доставуваат соддветен доказ. За овие случаи не се применуваат горенавените критериуми.

## II. НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

За поднесување на уредна документација потребно е студентот да ги приложи следните потребни документи:

1. Пријава од студентот, која содржи основни податоци за подносителот: име, татково име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење, моб.телефон за контакт, факултетот на кој студира,
2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за соодветната студиска година,
3. Уверение со број на предвидени и положени испити во претходните години во кое ќе биде наведено дека кандидатот има положено 90% од испитите од претходните години,
4. Уверение за приходи од земјоделска или друга дејност на студентот и на членовите од неговото семејство,
5. Потврда за висината на платите на членовите на семејството на студентот;
6. За членовите на семејството на студентот, пензионери - испратница од пензија за последниот месец,
7. За невработените членови на семејството на студентот, потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени или примаат паричен надоместок.
8. Изјава за семејната состојба на студентот,
9. Фотокопија од лична карта на студентот,
10. Изјава одстудентот дека не е корисник на стипендија или кредит од други установи, институции или компании,
11. Изјава од студентот дека дава согласност неговите лични податоци да бидат употребени и користени во постапката за доделување на стипендија,
12. Изјава од студентот дека дава точни податоци поврзани со правото на остварување на правото на стипендија и дека е свесен дека во случај на давање на неточни податоци Договорот за користење на стипендијата ќе му биде раскинат и е должен исплатените стипендии/средства да ги врати на Општина Кочани.

- Непотполната документација нема да биде разгледувана.
- **Пријавата заедно со документите се доставуваат до:** Едношалтерска канцеларија на Општина Кочани или по пошта на адреса: Општина Кочани, улица "Раде Кратовче" бр.1 Кочани.
- **Краен рок за поднесување на пријавата и документите за стипендија е до 15.11.2017 година до 16:00 часот**. Секоја пријава која е поднесена по утврдениот рок и време ќе се смета за задоцннета и нема да биде разгледувана.
- Со студентите на кои им е доделена стипендија ќе се склучат договори, во кој подетално ќе се уредат начинот и условите за користење на стипендијата.
- Студентите на кои им е доделена стипендија имаат обврска да извршуваат практична работа во органите на општината во траење од 15 дена за време на летниот распуст т.е. во месеците Јули и Август во 2018 година.

Градоначалник на
Општина Кочани
Николчо Илијев

Изготвил: Анна Кралева

До

Градоначалник на Општина Кочани

ПРИЈАВА

за доделување на стипендија на студент од општина Кочани

| | |
|---|---|
| Име, татково име и Презиме на студентот | |
| ЕМБГ | |
| Адреса на живеење | |
| Моб.телефон | |
| Е-маил | |
| Факултет | |
| Запишан во _______________ година на факултетот | |

**Во прилог на барањето ги доставувам следните докази :**

1. Пријава од студентот,
2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за соодветната студиска година,
3. Уверение со број на предвидени и положени испити во претходните години во кое ќе биде наведено дека кандидатот има положено 90% од испитите од претходните години,
4. Уверение за приходи од земјоделска или друга дејност на студентот и на членовите од неговото семејство,
5. Потврда за висината на платите на членовите на семејството на студентот;
6. За членовите на семејството на студентот, пензионери - испратница од пензија за последниот месец,
7. За невработените членови на семејството на студентот, потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени или примаат паричен надоместок.
8. Изјава за семејната состојба на студентот,
9. Фотокопија од лична карта на студентот,
10. Изјава одстудентот дека не е корисник на стипендија или кредит од други установи, институции или компании,
11. Изјава од студентот дека дава согласност неговите лични податоци да бидат употребени и користени во постапката за доделување на стипендија,
12. Изјава од студентот дека дава точни податоци поврзани со правото на остварување на правото на стипендија и дека е свесен дека во случај на давање на неточни податоци Договорот за користење на стипендијата ќе му биде раскинат и е должен исплатените стипендии/средства да ги врати на Општина Кочани.

Подносител на пријавата

______________________

Образец на изјава за семејна состојба

# ИЗЈАВА ЗА СЕМЕЈНА СОСТОЈБА

Јас _______________________________________________________________(име и презиме),

со адреса на живеење: ул.___________________________ во ___________________(град/село),

ЕМБГ:_____________________, дата на раѓање:_______________________________________,

запишан во _______________ година на _____________________________________факултет,

како редовен / вонреден студент (*заокружи*),

под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека моето семејство се состои од :

1.________________________________ (мајка), _________________________(посвоител/старател)

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ)

2.________________________________ (татко), _________________________(посвоител/старател)

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ)

3.________________________________ (брат), ________________________________ (брат),

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ)

4.________________________________ (сестра), .________________________________ (сестра).

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ)

*(се дополнува по потреба)*

КОЧАНИ, ДАТА:__________________

Изјавил

________________

Образец на комбинирана изјава дека студентот не е корисник на стипендија или кредит од други установи, институции или компании,, за давање согласност за користење на неговите лични податоци и должност за давање точни податоци

## Изјава

дека студентот не е корисник на стипендија или кредит од друга/и установа/и, институции или компании, давање согласност за користење на лични податоци и давање точни податоци

Јас _____________________________________________(име и презиме),

со адреса на живеење: ул.________________________ во ______________(град/село),

ЕМБГ:____________________, дата на раѓање:_________________________________,

запишан во _____________ година на _________________________________факултет,

како редовен / вонреден студент (*заокружи*),

под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

1. Не користам и не примам друга стипендија или кредит од други образовни, државни и/или приватни установи, институции или компании.
2. Давам согласност моите лични податоци да бидат употребени и користени во постапката за доделување на стипендија.
3. Исто така изјавувам дека сите документи кои ги имам поднесено се вистинити и не се злоупотребени од моја страна, како и тоа дека сите податоци кои ги имам напишано и/или приложено во постапката за остварување на правото на стипендија се точни и сум свесен и запознат со тоа дека во случај на давање на неточни податоци и/или злоупотреба на податоци издадени од надлежни институции ќе одговарма пред надлежните органи и Договорот за користење на стипендијата ќе ми биде раскинат и ќе ги вратам сите исплатени стипендии/средства кои ги имам примено на сметката на Општина Кочани.

КОЧАНИ, ДАТА:________________

Изјавил

______________